Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

---

# З А П И С Н И К

од Втората седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 14.5.2018 година

Скопје, мај 2018 година

ЗАПИСНИК
од Втората седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,
одржана на 14.5.2018 година

Седницата започна во 08:45 часот.

На седницата претседаваа најстариот по години член на Советот од редот на организациите Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје и новоизбраниот претседател на Советот, Фани Каранфилова Пановска, Фондација Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Катерина Јовчевска, Министерство за финансии, Софија Кузмановска, Министерство за економија, Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство, Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика, Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа, Гордана Ивановска Велковска, Министерство за култура, Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Гордана Гапиќ, Димитровска – Министерство за информатичко општество и администрација, Христина Конеска Бероска, Секретаријата за европски прашања, Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје,Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Мимоза Богданоска Јовановска,Македонско научно друштво Битола, Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Марио Јанчев,Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје, Ана Чоловиќ Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Андреја Стојковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк- Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи, Миљазим Мустафа, , Министерство за правда, Маја Лазареска Јовеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сафет Незири, Министерство за образование и наука, Марјан Николов, Центар за економски анализи Скопје, Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје..

На седницата присуствуваа и: Сања Богатиновска, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија, Ирена Иванова, Делегација на Европска унија, Александра Крстеска, Национален демократски институт, Весна Лендиќ

Касало, Немања Релиќ и Дарија Мариќ, Канцеларија за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска, и претставници на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска и Елпида Петковска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

*

*    *

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

-

- Усвојување на Записникот од Конститутивната седница на Советот, одржана на 16.04.2018

1. Предлог-Деловник за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор;

2. Избор на претседател и заменик претседател на Советот;

3. Предлог-Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020;

4. Експертско мислење и препораки – Анализа на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор;

5. Прашања и предлози.

*

*    *

Советот без забелешки го усвои Записникот од Конститутивната седница, одржана на 16.04.2018.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Советот ги донесе следните заклучоци:

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанаскиот сектор, подготвен од работната група, во состав: Гордана Гапиќ-Димитровска, Уранија Пировска и Андреја Стојковски и новиот текст на Предлог-Деловникот со измени и дополнувања предложени од Фани Каранфиловска Пановска и го донесе изменетиот и дополнет текст, со заклучок, во член 2 став (2) алинеја 8 по зборот „управа“ да се додадат зборовите „или по барање и иницијатива на организациите“.

**Точка 2**

Од предложените кандидати за претседател: Зоран Илиески, Фани Каранфиловска Пановска и Андреја Стојковски, Советот, по пат на тајно гласање, ја избра Фани Каранфиловска Пановска за претседател на Советот.

Советот ја избра Гордана Гапиќ-Димитровска за заменик на претседателот на Советот.

**Точка 3**

Советот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, поради потребата да се разгледа на посебна, тематска седница, а текстот да биде изменет согласно спроведениот консултативен процес со органите на државната управа и граѓанските организации.

**Точка 4**

Експертите од брзиот твининг проект „Понатамошно институционализирање на структурни механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“ подготвија Коментари и препораки за Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17). Мислењето на експертите е дека веднаш треба да се направат дополнувања на Одлуката. Земајќи го предвид искуството на Хрватска, експертите предложија Одлуката за формирање на Советот да се дополни со цел покрај членови (без оглед дали се од јавниот или од граѓанскиот сектор) да се назначат и нивни заменици, со цел да се обезбеди постојана и непрекината работа на Советот. Треба да се има предвид дека споменатите дополнувања на Одлуката на никој начин не значат нови избори за членови на Советот, туку само избор на нивни заменици. Конкретните предлози за дополнување на Одлуката се:

- Во врска со член 3, се препорачува Советот да нема само членови, туку и заменици членови од оперативни причини. Постоењето на заменици

членови ќе помогне да се обезбеди кворум, со што се обезбедува непречена работа на Советот бидејќи се намалува веројатноста Советот да не може да носи одлуки на седницата. Исто така активната работа на Советот е неопходна за ефективно спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018 - 2020.
- Исто така, во однос на член 3, се препорачува Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор да се додаде на листата на институции кои назначуваат свои претставници во Советот. Бидејќи предвидено е Одделението да обезбедува административна и техничка поддршка на Советот (член 11) и има улога во координација на работата во однос на подготовката и спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, би било корисно и значајно исто така да има право и да гласа на седниците на Советот, а не да биде присутно само како набљудувач на седницата.

**<u>Заклучок</u>**

Советот по повод Експертското мислење и препораки - Анализа на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на брзиот твининг проект „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“, спроведуван од Канцеларијата за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска, заклучи мислењето да го има во предвид при евентуално иницирање измени на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

## <u>Точка 5</u>

1. Советот заклучи Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да води евиденција за оправдано и неоправдано отсуство од седниците на членовите на Советот и доколку е потребно да се предложат измени за прецизирање на член 16 од Деловникот за работа на Советот.

2. Советот заклучи материјалите за седниците на Советот и мислењата по точките од Предлог-дневниот ред да се доставуваат преку Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, во роковите утврдени со Деловникот за работа на Советот.

3. Весна Лендиќ-Касало, лидер на проектот „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“ информираше дека во рамките на проектот, на 6 и 7 јуни 2018 година, превидени се активности за оперативно планирање со членовите на Советот.

*

*           *

Седницата заврши во 11:20 часот.
Наредната седница на Советот ќе се одржи на 30.5.2018 година.

Претседател на Советот за соработка со и
развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: м-р Елпида Петковска
Контролирал: Сања Савовска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска